РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 15-3070/2 од 24. 06. 2016 година
Скопје

Врз основа на член 65 став 13 од Законот за животна средина („Службен весник на РМ" бр. 53/05,81/05,24/07,159/08,83/09,48/10,124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16), Министерот за животна средина и просторно планирње на ден год. донесе.

# РЕШЕНИЕ
## за спроведување на стратегиска оцена

**За планскиот документ ЛУПД за изградба на пречистителна станица со намена Е3 (некомпатибилна инфраструктура) на КП бр. 25/3, КО Битола – Општина Битола потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина.**

## Образложение

Општина Битола донела одлука за неспорведување на стратегиска оцена **бр. 31-2054/7 од 19.04.2016 година за изработка на планскиот документ ЛУПД за изградба на пречистителна станица со намена Е3 (некомпатибилна инфраструктура) на КП бр. 25/3, КО Битола – Општина Битола.**

Одлуката за неспроведување на стратегиска оцена заедно со формуларите на ден 20.04.2016 година е доставена до Министерството за животна средина и просторно планирање.

По разгледувањето на Одлуката, формуларите и другата придружна документација, Министерството за животна средина и просторно планирање одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Министерството за животна средина и просторно планирање по разгледувањето на приложената документација, констатира дека со **изработка на планскиот документ ЛУПД за изградба на пречистителна станица со намена Е3 (некомпатибилна инфраструктура) на КП бр. 25/3, КО Битола – Општина Битола**. се дефинираат границите на просторот опфатен со планскиот документ и воедно представува план со кој се утврдува целокупната организација на населеното место, така да планот представува стратегиски документ за идниот развој за кој спроведувањето на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина и здравјето на луѓето е задолжително.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова решението до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Со почит,

МИНИСТЕР
Bashkim Ameti

Изготвил: Бајрам Цамиќ
Контролирал: Милева Тагасовска
Согласен: Сашо Апостолов

Одобрил: Неби Реџепи

**Доставено и до:**

- Архива
- Органот

* Решението се објавува на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање www.moepp.gov.mk